# ИЗВАДОК ОД УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РАБОТОДА-ВАЧИТЕ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19, ЗАРАДИ ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ЗА МЕСЕ-ЦИТЕ АПРИЛ И МАЈ 2020 ГОДИНА

**(„Сл.весник на РСМ“, бр. 93/20 и 97/20)**

**(пречистен текст)**

Според член 4 став (2) од оваа Уредба, финансиска поддршка за исплата на платите не може да користи:

- Орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на РСМ и со закон, институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и
- Приватна агенција за вработување за работник кој е отстапен кај работодавач од став (2) алинеја 2 на овој член.